НАТО Самит

Даниел Фрид, Помошник Државен Секретар за Европски и Евроазиски Прашања

Брифинг на Форин Прес Центарот
Вашингтон

7 април 2008

Помошник државен секретар Фрид: Би сакал да одговорам на прашања поврзани со тоа. Штотуку пристигнав синоќа, се разбира, од Сочи, од состаноците помеѓу претседателите Буш и Путин. Затоа, повелете.

Ламброс Папантониу, грчки кореспондент, Елефтерос Типос, грчки дневен весник.
Г-дине државен секретар, во врска со прашањето околу името помеѓу Атина и Скопје, што се случи во Букурешт? Што ќе се случува отсега натаму, бидејќи сте (не се слуша)? И зошто го поддржувате последниот предлог на Метју Нимиц, којшто (не се слуша) предлог од 19 февруари? И која беше причината за денешниот телефонски разговор со грчкиот министер за надворешни работи Дора Бакојани?

Помошник државен секретар Фрид: Позицијата на САД, се разбира, е добро позната. Сакавме Македонија да добие покана, или заснована на предлогот на Нимиц или како ПЈРМ. Грција не го прифати тоа; сепак Грција јасно кажа дека сака решение за името, а и македонската влада се изјасни дека сака решение за името. Двете страни сакаат да одат напред.

Ова стана јасно за време на дискусиите што ги имавме и што претседателот ги имаше со македонските лидери, како и за време на разговорите што државниот секретар Рајс и јас ги водевме со грчкиот министер за надворешни работи. Јасно е дека ни двете влади не сакаат да влезат во циклус на взаемно обвинување, а мислам дека пресот во Скопје тоа го покажува. Македонците сакаат да одат напред. Очигледно се разочарани, но јас го поздравувам нивниот конструктивен пристап.

И, искрено, мило ми е што грчката влада се чини спремна интензивно да се ангажира, а наша намера е да пробаме. Нема да се откажеме. Го поддржуваме процесот што го води Нимиц. Нимиц, и покрај тоа што не можам да говорам во негово име, верувам дека е подготвен да се ангажира, а не да се предаде. Сакаме да одиме напред.

А вашиот денешен телефонски разговор со г-ѓата Бакојани?

Не зборував денес со неа.

(Не говорејќи на микрофон)

(Не се слуша) микрофонот.

Едноставно ќе кажам дека го потврдив -- а зборувам само во мое име – го потврдив американскиот интерес да се тргне напред. А бев задоволен од тој телефонски разговор. Мислам дека е значајно да се подготвиме да тргнеме напред. Има многу можности за обвинување и парализирање. Но, ајде да не ги искористиме.

(Не говорјќи на микрофон)

Добро, ајде --

(Не говорјќи на микрофон)

Се извинувам.

Ајде да продолжиме.

Во ред. Можеме повторно да се вратиме на оваа тема. Да.

Апостолос Зупаниоти, Алфа Телевизија во Грција. Г-дине секретар, гледам многу сличности во вашите преговарачки тактики со решавањето на спорот со името од 2004, пред референдумот во Кипар. И се прашувам зошто толку притискавте да се донесе одлука во Букурешт, ја зедовте страната на Скопје, а знаевте дека Грција ќе стави вето и знаевте дека последниот предлог на Нимиц беше многу полош од претходниот кој беше даден на 19 февруари?

Помошник државен секретар Фрид: Значи, нема да ги дискутирам квалитетите и лошите страни на предлогот на амбасадотор Нимиц. Ние го поддржуваме процесот на ОН. И Грција го поддржува. И Македонија. Се разбира дека мислевме, се надевавме на покана за Македонија. Тоа и го кажавме. Тоа е нашиот став. Не гледам причина да се извинувам за многу активната американска улога. Знаете дека го охрабривме Скопје да преговара со добра волја. И Грција ја поттикнавме на истото. Не заземаме страни. Нашата страна е да се најде решение со најповолни

можни услови за двете страни, услови кои и двете страни ќе ги прифатат. И среќен сум што САД го поддржуваат Нимиц, а планираме и во иднина така да продолжиме.

Да, г-ѓо.

(Не говорјќи на микрофон)

Танасис Исицас, грчки весник Елефтеротипиа. Г-дине секретар, пред една година, во врска со косовската криза изјавивте за Србите дека национализмот е како ефтин алкохол, кој прво ве опијанува, потоа ве ослепува и на крај ве тера да убиете. Една година подоцна, на 27 февруари, дадовте интервју за радио Канал 77, пред самиот старт на самитот во Букурешт, во кое особено го оправдавте национализмот кој доаѓа од владата на Поранешна Југословенска Република Македонија. Рековте дека македонските патриоти пателе повеќе од сто години за да го дочекаат овој момент да влезат во Евро-Атланските институции. Можете ли да ни кажете, г-дине секретар, дали е тоа двоен стандард? Како во првата изјава ги нарековте Србите националисти, а во втората говорите за македонски патриоти? Зарем не е ова некој вид на двоен стандард? Зарем не мислите дека со некои изјави ги охрабрувате националистите од ПЈРМ?

Помошник државен секретар Фрид: Воопшто не. Комплетно погрешно сте ги сфатиле моите забелешки и ќе ви ги објаснам за точно да ги разберете.

Национализмот – а Грците ова добро го знаат, многу добро – на Балканот генерираше војни и крвопролевање, како и убиства и нестабилност. И мислам дека национализмот е сериозна опасност. Кога зборував за македонките патриоти, говорев за земја која е успешно мултиетничко општество со етнички Македонци и етнички Албанци во владата и опозицијата. Благодарејќи на Охридскиот Рамковен Договор, владата во Скопје спречи голем домашен проблем, кој веројатно ќе станеше граѓанска војна. Од сите бившо-југословенски држави, Македонија беше меѓу најуспешните во одбегнувањето на точно ваков вид на екстремен национализам. Владата во Скопје, македонската влада, ја гледа иднината во Европа и во НАТО, а со тоа го одбива точно тој национализам кој на Балканот му донесе многу болка.

Во иднина, Македонија во Европа и Грција која е веќе во Европа се предодредени да бидат добри пријатели и партнери. Тоа е најдобриот резултат, резултатот кој го посакуваме. Сакаме да видиме резултат каде оној тип на национализам кој носи војни го нема. Сакаме да видиме иднина во која иридентизмот ќе биде минато, а не тековна реалност. Сметам дека Грција понекогаш покажува одлична визија, позитивна визија на овој вид соработка, а се надевам дека Македонија и Грција, или ПЈРМ и Грција - како што вие велите, ќе можат да ја најдат оваа визија. Ние сакаме да помогнеме.

Да, г-ѓо.

Последни две. Овде во Њујорк, ве молам.

Г-дине секретар, ми треба вашето внимание. Пред неколку моменти специфично рековте "етнички Македонци" за прв пат во историјата. Тоа значи дека САД ја признаваат таканаречената "македонска етничка припадност и македонски јазик."

Помошник државен секретар Фрид: Не мислам дека е таканаречен. Македонскиот јазик постои. Македонскиот народ постои. Не е – знаете дека предаваме македонски на Институтот на Форин Сервисот. Предаваме и српски јазик, хрватски, а сега и босански јазик. Во Црна Гора постои дебата за црногорскиот јазик. Сите јазици, а сега не говорам како бирократ, туку како поранешен историчар, се творештво на човекот, а со тек на време се развиваат и стануваат кодифицирани. А тоа не до – знаете, постои македонскиот јазик.

Исто така постои и историска македонска провинција која е различно нешто од државата. И тоа е важно. Јасно е дека Владата во Скопје, како што ние Американците ја викаме Владата на Македонија, нема претензии. Ние ја признаваме разликата меѓу историската тероторија Македонија, која е секако, поголема отколку државата. И ние го поддржуваме процесот за изнаоѓање решение за името што го води медијаторот Нимиц.

Што е со етничката припадност? Споменавте етничка припадност.

Помошник државен секретар Фрид: Не сум – да, тоа го напоменав. Но, знаете дека тоа е прашање за кое, претпоставувам, на крајот луѓето треба сами да се изјаснат. Етничката припадност е факт откако знам. Прашањето за името е тоа што е на маса. За него се разговара. Јас не сум преговарач и се разбира не сум антрополог или етно-историчар.

Во ред, ви благодарам.

Ви благодарам, г-дине секретар. Благодарам што дојдовте.